Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

Бр. 1

03.02.2016

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство донесен на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/1 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

421. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р Македонија бр.5/02) како и во согласност со член 43 став 1 точка 43 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/2002, 4/05, 7/09, 16/13 и18/14) Советот на Општина Демир Хисар донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство**

1.Се усвојува физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување и одржување на мала хидро електрична централа по течението на река Црна во атарот на село Прибилци.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-35/4 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2016 година**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2016 година донесена на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/2 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

422.Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана на 29.01.2016 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2016 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2016 година изнесува 76,80 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2016 година.

**Бр.17-35/5 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на Општина демир Хисар за 2016 година донесен на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/3 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

423. Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/2004) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01. 2016 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2016 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар - насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот | Најдоцна до |

| | | |
|---|---|---|
| | доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2016 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-35/6 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за внатрешна организација на општинската администрација на општинската администрација на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на на Општина Демир Хисар донесен на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/4 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

424. Врз основа на член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014 и 199/2014) на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 29.01.2016 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**За внатрешна организација на општинската администрација на општина Демир Хисар**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува внатрешната организација во Општина Демир Хисар (во понатамошниот текст: општината), видот и бројот на организациските единици, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, начините и формите на раководење, како и графички приказ (органограм) на внатрешната организација на општината.

Член 2

Внатрешната организација на општината се заснова на начелата:

- Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;
- Транспарентност, одговорност, професионалност, ажурност;
- Постапување со внимание на добар домаќин;
- Одговорност и насоченост кон корисниците на услугите на општината;
- Независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- Еднообразност и хиерарсиска поставеност на организациските единици;
- Делегирање на овластувања и

- Меѓусекторска координација.

Член 3

Општинската администрација ги извршува работите и задачите од надлежност на општината.

Општинската администрација:

- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот на општината;
- ја следи проблематиката во областа на надлежноста на општината;
- врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно унапредување и решавање на проблемите;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на опшината на барање на надлежните органи или врз основа на закон, со Статут на општината и други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

## II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

Член 4

Внатрешната организација на општинската администрација на општината се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон, групирање на работите и работните задачи според видот, обемот и сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, како и другите услови потребни за утврдување на внатрешната организација.

Член 5

Општинската администрација на општина Демир Хисар се организира во сектори , одделенија и територијална противпожарна единица.

Член 6

**Секторот** се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на општината, како и заради организирање, следење, координирање и контрола на работата од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Одделенија** се образуваат заради непречено извршување на една од следните работи: нормативно правни работи, управување со човечки ресурси, стручно аналитички работи, управни, управно надзорни, информативно документациони, информатичко - комуникациски, стручно оперативни, материјално финансиски, инвестициони, информатичко - технолошки, стручно административни како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

**Територијално противпожарна единица** на општината се образува заради вршење на со закон утврдени работи од областа на пожари.

Член 7

Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица:

**1. Сектор за општи и правни работи и финансиски прашања**

1.1. Одделение за општи и правни работи

1.2. Одделение за финансиски прашања

**2. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој**

2.1. Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности

2.2. Одделение за локален економски развој и јавни дејности

**3. Одделение за управување со човечки ресурси**

**4. Одделение за внатрешна ревизија**

**5. Одделение за инспекциски надзор - инспекторат**

**6. Територијална противпожарна единица**

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 8

**1. Секторот за општи и правни работи и финансиски прашања ги врши работите што се однесуваат на:**

- подготвување на акти за Советот и Градоначалникот;
- подготвување на седници на советот и седниците на неговите комисии;
- вршење на стручни работи за советот и градоначалникот;
- ракување со документите на општината и чување се до нивно уништување, односно предавање на Државниот Архив на Р.Македонија;
- мислења на прописи од аспект на нивна законитост;
- грижа за извршување на одлуките од надлежност на советот;
- информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права;
- канцелариски работи;
- проучување на законските и подзаконските акти и прописи од областа на буџетско материјално-финансиско работење;
- изработување на Буџет и следење на неговата реализација;
- изработување на Годишна завршна сметка за извршувањето на Буџетот на општината;
- изготвување на финансиски план за извршување на Буџетот (месечен, квартален и годишен) за општината и единките корисници на општината;
- изработување на квартални финансиски извештаи за извршување на Буџетот за тековната година;
- изработување на годишна програма на одделението;
- проучување и реализирање на прописи од областа на финансиското - материјалното, сметководственото и книговодствено работење како и други општи и поединечни акти за рењализација на ова надлежност;
- управување, следење и контрола на состојбата на движењето на средствата и изворите на средствата на општината утврдени со Буџетот;
- подготовка на стратешки план на општината;
- измена и дополнување на буџетот и стратешки план на општината;
- контрола на подготовката и извршувањето на Буџетот;
- спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола;
- подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;
- благајничко работење;
- планирање на приходи, нивно утврдување и наплатата;
- изготвување на заните и подзаконските акти и други прописи од областа на даноците и таксите и се грижи за нивна доследна примена;
- планирање на приходите, нивно утврдување и наплата;
- водење на евиденција на даночните обврзници;
- водење на регистар на недвижен и подвижен имот со имиња и адреси на даночните обврзници, вкупна површина и вредност;

- усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со состојбата на недвижности во геодетската управа;

- спроведува постапка за присилна наплата на локални даноци и такси, предлага мерки за нивно унапредување и регистрација на имот;

- спроведува подготовки за заштита и спасување од воени, природни и други несреЌи и отклонување на последици од нив;

- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и други прописи;

- примена на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

- следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината;

- изготвување на годишен план за јавни набавки и негова реализација;

- стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки, водење на евиденција и документација во врска со јавните набавки;

- информатичко технички работи;

- работа за возниот парк и други помошно технички работи;

- и други работи во согласност со законите и другите прописи.

Член 9

**1.1. Одделение за општи и правни работи ги врши работите што се однесуваат на:**

- вршење на работите што се однесуваат на подготвување на нормативно правни акти (одлуки и други општи акти) од надлежност на Советот односно Градоначалникот;

- давање мислење на прописи од аспект на нивната законитост кога предлагачи се други органи;

- следење на прописите и нивните измени и дополнувања;

- вршење на стручни и организациони работи за функционирање на Советот и на неговите бтела, односно Градоначалникот на Општината;

- давање правна помош на граѓаните;

- вршење на информативни и протоколарни работи за потребите на Советот и Градоначалникот;

- канцелариско работење кое го опфаќа приемот, отварањето, авиденцијата, испраќањето на актите на органите на општината;

- архивско работење;

- секретарски работи за Градоначалникот;

- информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права;

- работи за возниот парк и други технички работи (одржување на хигиената и достава на пошта) ;

- примена на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки и

- следењето и согледувањето на потребите од набавки во општината.

Член 10

**1.2. Одделението за финансиски прашања ги врши работите што се однесуваат на:**

- ги врши работите кои се однесуваат на буџетски календар во кој се утврдуваат рокови за извршување на буџетот;

- го изготвува буџетот;

-изготвува предлог за прераспределба на средствата помеѓу буџетските позиции;

- ја изготвува предлог годишната сметка на буџетот;

- изготвува годишни извештаи за средствата, побарувањата, изворите на средства, нивната вредност;

- извештај за реализација на инвестициони програми, за наменски, капитални и блок дотации;

- го реализира извршувањето на буџетот во утврдени рокови;

- подготвува анализи и квартални извештаи за извршување на буџетот;

- врши благајнички работи и други финансиски трансакции;

- врши работи на припрема на акти од сферата на даноците, таксите и надоместоците;

- врши задолжувања, наплата и евиденција на приходите од даноци , такси и надоместоци и други приходи како и

- други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Член 11

2. **Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развојги врши работите што се однесуваат на:**

- урбанистичко (урбано и рурално) планирање;

- издавање на решенија за градба и одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени закон;

- уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

- изградба и одржување на комуналните објекти и инсталации, изградба, реконструкција и одржување на улиците, патиштата, јавното зеленило, јавното осветлување и друга комунална опрема;

- развој на комуналната инфраструктура и комунални дејности;

- следење на законите и подазаконските акти и прописи од областа на урбанизмот, просторното планирање и уредување, природата и комуналните дејности и нивна доследна примена;

- постапка и изготвува и реализира општи и поединечни акти од негова надлежност (решенија, одобренија, изводи, протоколи) ;

- заверка на проекти од своја надлежност;

- давање на мислење на актите од областа на урбанизмот, просторното планирање и уредување, природата и комуналните дејности од аспект на нивната законитост;

Организирање и спроведување на постапка за изготвување и донесување на просторни и урбанистички планови;

- покренува иницијативи и обработка на добиени иницијативи за изменување и дополнување на урбанистички планови, стручно следење на степенот на реализација на урбанистичките планови;

- изготвување, следење и реализација на одлуки, програми, акциони планови и други акти од надлежната област;

- изготвување и реализација на општи и поединечни акти во областа на комуналните дејности во согласност со законите од таа област;

- јавниот простор за паркирање, паркирање и регулирање на режимот на сообраќај;

- изградба и одржување на сообраќајна сигнализација;

- изготвување на планови за локален економски развој;

- иницирање и утврдување на развојни и структурни приоритети, како и основи и мерки за водење на локална економска политика на општината;

- пратење на состојбите во обласна на културата, спортот, социјалната заштита, образованието и здравството во рамките на надлежноста на општината;

- иницирање и развивање на регионална и меѓугранична соработка;

- овозможување на услови за поддршка на развој на малите и средните претпријатија, претприемништво, земјоделство и агроберзата;

- обезбедување на документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирање на економскиот развој;

- координирање и водење на меѓународни проекти;

- остварување на соработка со невладини, меѓународни организации, хуманитарни организации;

- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со заните и другите прописи.

Член 12

**2.1. Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности ги врши работите што се однесуваат на:**

- урбано и рурално планирање;

- покренува иницијативи и предлози за измени на ДУП;

- прибира и стручно ги обработува иницијативи за измени на ДУП;

- врши уредување на просторот и уредување на градежно земјиште;

- ги следи состојбите и презема активности со работи околу заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита на водата, воздухот и земјиштето;

- се грижи за одржување и изградба на локални патишта и улици;

- го организира локалниот јавен превоз;

- се грижи за сообраќајна сигнализација;

се грижиза изградба и одржување на водоводи, одводи и канализација, за отстранување на отпадот, одржување на хигиена, одржување на јавниот пазар и јавни гробишта, уредување на речни корита, одржување на паркови и зеленила и рекреативни површини;

- определување и одржување на јавни паркинзи;

- определување на имиња на улици и куќни броеви;

- изградба и одржување на јавно осветление;

- како и други работи кои ќе му ги довери Советот и Градоначалникот.

Член 13

**2.2. Одделение за локален економски развој и јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на:**

- ги врши работите околу планирање и реализирање на локалниот економски развој;

- развојот на мали и средни претпријатија;

- развојот на земјоделство, занаетчиство, угостителство , туризам и друго;

- прибира, обработува и создава база на податоци за вкупните стопански движења, движења по дејности;

- утврдува база на податоци за имотот со кој располага општината;

- база на податоци за природните ресурси со кој располага општината;

- остварува соработка со невладини организации;

- се грижи за обезбедување на донации од домашни и старнски извори;

- соработува со Месни заедници;

- ја следи и организира мрежата на основното образование;

- го спроведува администрирањето со основното и средно образование;

- го организира превозот, исхрана и сместување на ученици;

- се грижи за развојот на мрежата на културни установи, негување на фолклорот, обичаите и старите занаети;

- помага во организирање на културни манифестации и поттикнување на творештвото;

- се грижи за социјална заштита и заштита на децата, социјална заштита за инвалидни лица, деца без родители, деца со воспитни проблеми, со посебни проблеми, лица засегнати со дрога и алкохол;

- го остварува правото на воспитание на деца од предучилишна возраст, управува со мрежата на јавно здравство и објекти од примарна здравствена заштита,

- обезбедува застапеност во одборите во здравствената организација во делот од јавното здравство;

- се грижи за унапредување на здравството;

- се грижи за спортот и рекреацијата, помага во организирање на спортски манифестации, одржување и изградба на спортски објекти, поддршка во спортските сојузи како и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 14

**3. Одделение за управување со човечки ресурси ги врши работите што се однесуваат на:**

- правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;

- управување со човечките ресурси и спроведување на надлежности во следните функционални области: развој на органот, информативен систем за човечки ресурси, односи меѓу вработените, обука и развој, мотивација, организациски развој, селекција, вработување, стручно усовршување и оценување на административните службеници, грижа за постојан развој на квалитетот и професионалноста на административните службеници во органот;

- грижа за примената, утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината од областа на човечките ресурси вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците;

- остварување на редовна комуникација и соработка со другите одделениеја за човечки ресурси од органите на управата со цел откривање на човечки потенцијали и дава предлог за вработување без јавен оглас од еден во друг орган;

- учествува во спроведувањето на организацискиот развој на органот кој ги адресира прашањата на планирање, развој на вработените, задржување на вработените, управување со промените, обука на вработените;

- следење на развојот на организациската култура во органот;

- соработка и советување со другите раководители за прашања од областа на управувањето со човечките ресурси;

- изработување на Предлог-Правилник за внатрешна организација на Општина Демир Хисар и Предлог-

Правилникот за систематизација на работните места во Општина Демир Хисар;

- подготовка на образците за оценување на административни службеници во општинската администрација;

- спроведување на анализа за потреба од обука на административни службеници;

- изработување на нацрт-Годишна програма за обука на административни службеници;

- следење на примената на Кодексот на административни службеници и по потреба изработува извештаи;

- соработува со Министерство за информатичко општество и администрација и Агенција за администрација во однос на сите прашања поврзани со Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор (работни односи, обуки, оценување и др.),

- водење и ажурирање на електронската база на податоци за вработените и персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација, одржување на базата на податоци за администраивни службеници и доставување на известувања за настанатите промени во Регистарот на административни службеници;

- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Член 15

**4. Одделението за внатрешна ревизијаги врши работите што се однесуваат на:**

- вршење на внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;

- подготвување на годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од Градоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење;

- доставување на извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;

- подготвување на квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешна ревизија;

- процена на усогласеност на работењето на субјектот во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори;

- темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола;

- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на раководителот на субјектот за намалување на факторите за ризик;

-процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците;

- давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот, изготвување и донесување на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување;

- изготвување на упатство за работа и повелба за внатрешна ревизија;

- известување до раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности, за неправилности или сомнежи за измама или корупција, кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка;

- оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на

Градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик;

- врз основа на анализи од работењето, утврдувањето и оценување на економичноста, ефикасноста во работењето на системот за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;

- следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;

- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината;

- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законите и другите прописи.

Член 16

**5. Одделението за инспекциски надзор - инспекторат ги врши работите што се однесуваат на:**

- грижа и вршење на надзор над примената на законските прописи од соодветна област;

- инспекциски надзор врз изградбата на објекти од инфраструктурата, режимот на сообраќај на патиштата;

- грижа за спречување на дивоградбите и покренува соодветни постапки против бесправно изградените градби на објекти, односно од областа на градежништвото и урбанистичкото планирање;

- инспеккциски надзор на јавната чистота, зелените површини, собирање и транспорт на отпад односно од областа на комуналните работи;

- инспекциски надзор на јавните претпријатија кои вршат комунални дејности за Општината и на физичките лица кои вршат дејности со дозвола;

- вршење на инспекциски надзор на прибирањето изворните приходи, локалните даноци и такси;

- инспекциски надзор и се грижи за чистотата на животната средина и природата;

- инспекцискиот надзор над вршителите на угостителска и туристичка дејност од мал обем;

- вршење на инспекциски надзор и контрола во образованието и спортот;

- вршење надзор во согласност со Законот за домување;

- и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност во согласност со законсите и другите прописи.

Член 17

**6. Територијалната противпожарна единица на општина Демир Хисарги врши работите што се однесуваат на:**

- ги врши работите на гасење на пожари на подрачјето на општината;

- отстранува непосредни опасности за настанување на пожар;

- превзема мерки и активности за спасување на животот на граЃаните, заштита на имотот на граѓаните загрозени од пожари и експлозии;

- укажува техничка помош при незгоди и опасни ситуации;

- други работи при несреќи и непогоди, врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничка опременост и услови за работа, заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија дејствуваат како Противпожарна единица на Република Македонија заради оперативно дејствување при гасење на пожари од поголеми размери на цела територија на Р. Македонија;

- дава помош кога е побарана од други држави за гасење пожар, води

посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гасење, интервенции за други настани според единствената евиденција од Дирекцијата за заштита и спасување посебно за периодични испитувања и проверка на исправнота за против пожарна опрема на ТПП, врши тековна проверка и одржување на механиката, дава противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во координација со ПЕ за внатрешни работи, врши обука од областа на противпожарна заштита, едукација на граѓани за заштита од пожари преку предавања, медиуми како и други работи што Ќе му бидат доверени.

## IV. НАЧИНИ И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТАТА

Член 18

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општина Демир Хисар.

Член 19

Секретарот на Општина Демир Хисар е највисок административен службеник во општината и е нејзин извршен раководител кој за својата работа непосредно одговара пред Градоначалникот.

Член 20

Со работата на секторот раководи Раководител на сектор кој за својата работа одговара пред секретарот.

Во случај на осуство на секретарот, Раководител на Сектор го заменува со сите негови овластувања и одговорности врз основа на овластување од градоначалникот.

Во случај на остуство или спреченост на Раководителот на сектор истиот го заменува секретарот или раководен административен службеник во секторот што ќе го овласти секретарот.

Со работата на одделението раководи Раководител на Одделение.

Раководителот на одделението, за својата работа одговара пред раководителот на сектор или пред Секретарот, доколку нема непосредно претпоставен раководен административен службеник.

Во случај на остуство или спреченост на Раководителот на одделение, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторотодносно секретарот.

Член 21

Со територијалната противпожарна единица Демир Хисар раководи Командир.

Член 22

Вкупниот број на вработени по категории и нивоа на работни места го утврдува Градоначалникот на општината со Правилник за систематизација на работните места во општината.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како при неговото донесување.

Член 24

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Демир Хисар 07-283/1 од 14.03.2008 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.4/2008").

Член 25

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар,

а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.17-35/7 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар донесен на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/5 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

425.Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 29.01.2016 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на општина Демир Хисар**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за доделување на финансиски средства за здруженијата на граѓани и фондации од Буџетот на општина Демир Хисар, како и правата и обврските на корисниците на средствата.

**Член 2**

Здруженијата на граѓани и фондации од општина Демир Хисар може да конкурираат под следните услови:

- да достават извештај за работата од предходната година потврден од Управниот одбор со прилог завршна сметка (доколку поднесуваат);
- програма за работа со финансиски план за тековната година;
- преглед на проекти реализирани во предходната година;
- проекти за тековната година и апликации до каде ги имаат доставено и датум на аплицирање со утврдена цел на проектот, очекуван резултат, до каде е постапката по аплицирањето;
- преглед на носители и донатори на проектите.

**Член 3**

Распределба на средствата согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и фондации ќе се врши по доставено барање од нивна страна.

Здруженијата на граѓани и фондации барањата ги доставуваат до општина Демир Хисар, во текот на календарската година.

**Член 4**

Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар, врз основа на поднесените барања и приложената документација изготвува извештај со предлог листа на прифатени барања за распределба на средствата за поддршка на здруженијата на граѓани и фондации согласно Програмата .

Извештај со предлог листа на прифатени барања за распределба на средствата за поддршка на здруженијата на граѓани и фондации, Комисијата го доставува до Градоначалникот на општина Демир Хисар тековно во календарската година.

**Член 5**

Износот на средствата за поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со Решение го определува Градоначалникот на општина Демир

Хисар, врз основа на бројот на прифатени барања и средствата предвидени за поддршка на здруженијата на граѓани и фондации согласно Програмата.

Средствата за поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со Решение ги доделува Градоначалникот на општина Демир Хисар.

**Член 6**

Одобрените средства може да се користат за следните намени:

- трошоци за техничка организација и реализација на програмските активности;
- реклама и пропаганден материјал.

**Член 7**

Корисниците на средствата имаат право и обврска средствата да ги користат исклучиво за намената за која им се доделени.

Најдоцна триесет дена по реализација на проектот, корисниците на одобрените финансиски средства се должни да достават до општина Демир Хисар комплетен програмски и материјално-финансиски извештај за реализација на проектот.

Пренамена на еднаш одобрените финансиски средства, корисникот може да изврши исклучиво со писмена согласност од општината Демир Хисар.

**Член 8**

Општината Демир Хисар го задржува правото да изврши контрола над наменското користење на средствата и доколку констатира дека истите ненаменски се потрошени да побара нивно враќање.

**Член 9**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и невладини организации од Буџетот на општина Демир Хисар бр.07-630/1 од 12.06.2009 година

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-35/8 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Председател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар донесена на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/6 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

426. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.3/02) како и во ссгласност на член 94 став 2 од Статутот на општината Демир Хисар (Сл.гласник на Општината Демир Хисар бр.03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 ) Советот на општина Демир Хисар на ден 29.01 2016 година донесе,

**ОДЛУКА**
**За утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во општина Демир Хисар во 2016 година**

Член 1

Се утврдува паричен надомест во висина од 5000 денари за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2016 година.

Член 2

Право на наведениот паричен надомест ќе имаат само семејствата кои живеат на територијата на општина Демир Хисар и се жители на Општината Демир Хисар,

За начинот за доделувањето и доставувањето на потребната документација ќе се изготви Правилник за начинот на доделување на овие средства.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Сл.гласник на општината Демир Хисар, а ќе се применува ретроактивно од 01.01.2016 година.

Одлуката има важност до 31.12.2016 година.

**Бр. 17-35/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за донесување на Урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Ја објавувам Програмата за донесување на Урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2016 година донесена на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/7 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

427. Врз основа на член 22 став1 точка 1, точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/2014 и Измените на Законот, Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, Сл.весник на РМ бр. 23/2011;155/2012;53/13; 72/13; 44/12; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15 и Правилниците), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2016 година донесе

***ПРОГРАМА***
**За донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2016год.**

**Член 1**

**I- Генерални урбанистички планови**

**1.** Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документацијаво РМ за 2014год., а го изработува Агенцијата за просторно планирање.

**I I- Детални урбанистички планови**

1. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2250, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Симе Зинговски, Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.

3. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.

4. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден помошен објект, кој зафаќа дел од јавна површина, (тротоар), согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на

бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димитрија Трајковски.

6. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 1808/1, КО Демир Хисар, со намена В-јавни институции, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – административна зграда (барањето е доставено до МТВ).

7. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2714, КО Демир Хисар, заради вклопување на бесправно изградени објекти со деловна намена и
обезбедување пристап кон градежните парцели.

**<u>I I I - Урбанистички план вон населено место со граници на опфат:</u>**

1. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.118 КО Сопотница во површина од 80668м2, РМ, корисник "Бигла". (Постапката е отпочната-добиени се услови за планирање на просторот).

2. Изработка на Урбанистички план вон населено место, со намена домување, со опфат за КП бр. 2006, КО Прибилци, со вкупна површина од 1241м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Сашо Гицовски, с. Сладуево.(Донесена е Програма за општи акти)

3. Изработка на Урбанистички план вон населено место, со намена Г1-Лесна и незагадувачка индустрија, со опфат за кој ке се утврди накнадно, за КО Бабино и КО Слоештица, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ГД Гранит, АД Скопје.

4. Изработка на Урбанистички план вон населено место (проширување на опфат), со намена домување, со опфат за КП бр. 474/1, КО Вардино, со површина од 3687м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Цане Петрески, с. Вардино. (Донесена е Програма за општи акти)

5. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјишетето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа. (Постпаката е отпочната, планот е финансиран од страна на Центар за развој на пелагонискиот регион, во постапка е пренамена на земјоделско во градежно земј.)

6. Изработка на Урбанистички план вон населено место (проширување на опфат), со намена домување, со опфат за КП бр. 123/2, КО Сладуево, со површина од 3687м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димче Марковски од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 25/7. (Донесена е Програма за општи акти)

7. Изработка на Урбанистички план за с.Растојца, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект за домување (викенд куќа) на КП бр. 976, КО Растојца, од страна на Васко Бојаџиев, од Демир Хисар. (Донесена е Програма за општи акти)

8. Изработка на Урбанистички план за с.Белче – проширување на опфат, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден деловен објект – пилана за обработка на дрвена граѓа, на КП бр. 127/1, КО Белче, од страна на Љубе Стојановски од с.Белче. (Донесена е Програма за општи акти)

9. Изработка на Урбанистички план вон населено место - проширување на опфат, со намена домување, со опфат за КП бр. 266, КО Стругово, со вкупна површина од 2159м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Петре Вељановски, с. Кутретино.(Во опфат на ГУП)

10. Изработка на Урбанистички план вон населено место - проширување на опфат, со намена деловна, со опфат за КП бр. 268, КО Стругово, со вкупна површина од 1160м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Пецо Димоски од Демир Хисар. (Во опфат на ГУП)

**IV- Локална урбанистичка планска документација**

1. Изработка на ЛУПД за изградаба на објекти за аквакултура, со опфат за КП бр. 2297, 2284, 2285, 2291, 2292, 2293, 2294, 2295, 2296, 2298, 2299, 2300 и 2301, м.в. Скара, со површина од 19.599м$^2$, КО Доленци, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката е отпочната на барање на „Аква Ленд“ ДОО Скопје, кој е воедно инвеститор.

2. Изработка на ЛУПД за изградба на угостителски, туристички и рекреативни објекти со опфат за КП бр. 4098/2, КО Слепче, општина Демир Хисар. Постапката е отпочната на барање на Коруновски Ангел од с.Слепче, Демир Хисар, кој е сопственик на КП бр. 3795 КО Слепче,

3. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4088 Жван на дел од КП бр. 1898/100, м.в. Кискине, КО Жван, Општина Демир Хисар, заведена во ИЛ 307 КО Жван, со вкупна површина на плански опфат од 161,30м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура. Постапката е отпочната за потребите на ВИП Оператор, а по барање на ЕГНАТИЈА Скопје ДООЕЛ, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-42 од 15-06-2012год. (Постапката е во тек)

4. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4090 Зашле, на дел од КП бр. 40/1, КО Зашле, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 200м$^2$ и намена Е1-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура. Постапката е отпочната за потребите на ВИП Оператор, а по барање на МОНБИИНСТАЛ ДОО, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-66 од 06-11-2012год. (Постапката е во тек).

5. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 157, КО Света, со површина од 1116м$^2$, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Војо Стојановски, с.Света. (Донесена е Програма за општи акти)

6. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 1098, КО Загориче, со површина која ке се утврди накнадно, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ЈП „Македонски шуми“ Скопје, подружница шумско стопанство „Бигла“.

7. Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец, на дел од КП бр. 634, КО Велмевци, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 36m$^2$ и намена Е2-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура, а по барање на Егнатиа Скопје, а за потребите на ВИП Оператор.

8. Изработка на ЛУПД со намена Д3-спорт и рекреација за објект - фудбалски стадион со пропратни објекти, на КП бр. 1703/1, КО Демир Хисар, со површина од 1,1ха.

9. Изработка на ЛУПД со намена угостителски, туристички и рекреатривни објекти, на КП бр. 3788, КО Слепче, м.в. Горна Куќа, со површина од 3825м$^2$. Иницијативата е поднесена од страна на Николче Петровски од с.Слепче, Демир Хисар.

**<u>V - Урбанистички планови во населено место</u>**

1. Изработка на Урбанистчки план за с. Загориче - Измени и дополнувања, заради вклопување на бесправно изграден објект со намена деловна, а е изграден на површина од некатеготизиран пат, што е дефинирано во елаборатот за фактичка состојба, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Божиновски Соколе, с.Загориче.

2. Изработка на Урбанистички план за с.Велмевци, заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување, за КП бр. 1804, КО Велмевци, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на

Илија Богојовски од Битола. (донесена е Програма за општи акти).

3. Изработка на Урбанистички план за с. Велмевци, зради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување, на КП бр. 1643, КО Велмевци, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Маркушовски Никола и Маркушовски Ило. (донесена е Програма за општи акти).

4. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Петар и помошен објект, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.

5. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Атанас и помошен објект, с.Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.

6. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Антониј и помошен објект,с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-35/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена Б-деловни објекти туристичко, угостителски и рекреативни објекти на КП бр.3788 КО Слепче**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена Б-деловни објекти за туристичко, угостителски и рекреативни објекти на КП бр.3788 КО Слепче донесена на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/8 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

428.Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/2014 и Измените на Законот, член 15 и член 43 од Статутот на Опстина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2016 година донесе

**ОДЛУКА**
**за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена Б - деловни објекти туристичко, угостителски и рекреативни објекти**

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД со намена Б - туристички, угостителски и рекреативни објекти, на КП бр. 3788, КО Слепче, општина Демир Хисар, со опфат од 3825м$^2$. Планската документација се изработува на барање на Николче Петровски од с.Слепче.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-35/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/9 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

429. Врз основа на на член 37 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), како и член 129 з, став 1, 2 и 4 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05 и 7/09), и), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.01.2016 година, донесе:

**Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2015 година**

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2015 година.

Извештајот е доставен од Градоначалникот на општина Демир Хисар, како одговорно лице на имателот на информацијата а изготвен е од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на општина Демир Хисар.

Годишниот извештај е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Годишниот извештај по усвојувањето се доставува до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап од јавен карактер на понатамошна постапка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-35/12 Совет на општина Демир Хисар**
**29.01.2016 Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2015 година донесен на 43-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.01.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 68/10 Општина Демир Хисар**
**03.02.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

430. Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.01.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА на Извештајот за работа на Полициската станица од општа надлежност во текот на 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-35/13 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.01.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство----------------------1
2.Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2016 година-------------------------------------------------1-2
3.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2016 година-------------------------------------------2-3
4.Правилник за внатрешна организација на општинската администрација на општина Демир Хисар-----------------------------------------------3-13
5. Правилник за утврдување критериуми за распоредување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на општина Демир Хисар------------------------------------------------13-14
6.Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во општина Демир Хисар за 2016 година----------------------------------------14-15
7.Програма за донесување на УП на општина Демир Хисар за 2016 година-------------------15-18
8.Одлука за изработка на ЛУПД со намена Б-деловни објекти туристичко угостителски и рекреативни објекти -----------------------------18
9.Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2016 година---------------------------19
10. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2015 година-----------------------------------------------------------20

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**